Република Северна Македонија
ОПШТИНА ГРАДСКО
Бр. 04-213/3
20.04. 2026 год.
ГРАДСКО

Врз основа на член 38,48 и 49 од Законот за административни службеници ((„Службен весник на РМ " бр. 27/14, 199/14, 48/15, 154/15, 05/16, 142/16, 11/18 и Службен весник на Република северна Македонија " бр.275/19, 14/20, 112/20,215,21 и 99/22) и Правилникот за формата и содржината на интерниот оглас ,начинот на поднесување на пријавата за унапредување , начинот на спроведувањето на администартивната селекција и интервјуто,како и начинот на нивно бодирање и максималниот број на бодови од постапката на селекција ,во зависност од категоријата на работното место за кое е објавен интерниот оглас (Службен весник на Република Македонија број 11/15, 35/18 и „ Службен весник на Република Северна Македонија " бр.63/20, 275/20, 303/20 и 121/21) ,а согласно Правилникот за систематизација на работните места во Општина Градско бр. 01-509/1 од 04.08.2022 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Градско бр. 01-509/8 од 30.11.2022 година , Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Градско бр. 01-343/1 од 01.10.2024 година, Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работните места во општинската администрација на Општина Градско бр. 01-84/1 од 06.02.2025 година и Правилникот за изменување на Правилникот за систематизација на работни места бр.01-176/1 од 26.03.2026 година Градоначалникот на општина Градско ,објавува:

**ИНТЕРЕН ОГЛАС број 01/2026**

**За унапредување на административен службеник**

**во Општина Градско**

Општина Градско објавува интерен оглас за унапредување на 1( еден ) административен службеник за следново работно место :

1. **Шифра на работно место УПР 01 01 В01 000**

Звање и назив на работно место : Советник за водење на постапка за јавна набавка во Одделение за правни,општи работи и јавни дејности.

Број на извршители 1 (еден).

**Општи услови:**

- Да е државјанин на Република Северна Македонија;
- Активно да го користи македонскиот јазик;
- Да е полнолетен;
- Да има општа здравствена состојба за работното место и

- Со правосилна судска пресуда да не му е изречена казна за забрана на вршење професија, дејност или должност.

**Посебни услови за работното место :**

- Стручни квалификации - ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен : Високо образование..

- Работно искуство : Најмалку три години работно искуство во струката

**Други посебни услови :** потврда за положен испит за лице за јавни набавки ;

**Посебни работни компетенции:**
- Активно познавање на еден од трите најчести користени јазици на Европската Унија (англиски, француски,германски);
- Активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Распоред на работно време:**

Дневно работно време 8( осум) часа од 08.00 до 16.00 часот
Работни денови : Понеделник до Петок
Неделно 40 часа
Паричен нето износ на збирот од делот на плата за степен на образование и делот на плата за ниво - 39.265,00 денари.

На интерниот оглас може да се јави административен службеник ,вработен во Општина Градско, кој ги исполнува општите и посебните услови за пополнување на работното место пропишани за соодветно ниво во Законот за административни службеници и Правилникот за систематизација на работните места во Општина Градско како и :
- да е оценет со „А„ или „Б„ при последното оценување,
- да е на работно место на непосредно пониско ниво или да е на работно место во рамки на истата категорија во која е работното место за кое е објавен интерниот оглас ,
- да поминал најмалку три години на тековното работно место и
- да не му е изречена дисциплинска мерка во последната година пред објавување на интерниот оглас.

Кандидатите поднесуваат пополнета пријава и докази за податоците содржани во пријавата во хартиена форма преку архивата на Општина Градско до административен службеник кој ги врши надлежностите на организационата единица за управување со човечки ресурси со назнака „ за интерен оглас “ како

и пополнета пријава во електронска форма на службената електронска адреса на Општина Градско gradsko@gradsko.gov.mk.

Кон пријавата кандидатите можат да приложат и:
-потврди за успешно реализирани обуки /или
-потврди за успешно реализирано менторство (како ментор или менториран административен службеник ).
Рокот на доставување на пријавите со доказите изнесува 5 (пет) дена, сметано од денот на објавувањето на огласот на веб страната на Општина Градско и на веб страната на Агенција за администрација.

Во пријавата кандидатите се должни под материјална и кривична одговорност да потврдат дека податоците во пријавата се точни,а доставените докази верни на оригиналот.
**НАПОМЕНА :**Кандидатот кој ќе внесе лажни податоци во пријавата ќе биде дисквалификуван од натамошната постапка по овој оглас.

Општина Градско
Градоначалник
Киро Нацков